# СТРАТЕГИЈА
## ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
## ЗА ПЕРИОД 2023 - 2026 ГОДИНА

# Содржина


Вовед.......... 3

Извршно резиме .......... 4

Методологија на изработка на стратешкиот документ .......... 5

1. Визија, мисија и профил на општината .......... 7

2. SWOT анализа на општина Кисела Вода .......... 15

3. Организација на локалната самоуправа .......... 16

4. Усогласеност со меѓународни и национални стратешки документи .......... 19

5. Стратешки приоритети, цели и мерки 2023-2026 .......... 20

# Вовед

Стратешкото планирање е системски начин на донесување на стратешки одлуки, утврдување на цели и стратегии и спроведување на активности кои ја насочуваат општината кон посакуваната иднина. Тоа е процес кој бара континуирано следење на остварениот напредок во однос на поставените цели. Стратешкото планирање е модерен и демократски начин на проектирање на посакуваната иднина и темелно осмислување на секој чекор кој не води кон утврдената цел.

Процесот на стратешкото планирање им овозможува на општините на систематски и структуриран начин да ги анализираат, планираат, следат и евалуираат своите надлежности и обврски, предностите и недостатоците на самата општина, опкружувањето, развојот, политиките и програмите во соодветната област и резултатите и ефективноста на политиките и предвидените програми. Ваквиот начин на планирање е основа за поинакво управување - со стратешкото планирање фокусот е ставен на постигнатите резултати. Значи, успешноста на работењето на општината се мери не само преку потрошените ресурси, туку и според тоа дали постигнатите резултати ја подобриле целокупната состојба и квалитетот на живот во локалната заедница.

Овој документ ги опишува процесот на стратешко планирање и ги дефинира стратешките приоритети и цели на општина Кисела Вода за периодот 2023- 2026 година.

## Извршно резиме

Стратегијата за економски развој на општина Кисела Вода 2023-2026 година е составена од неколку различни поглавја и истите ги опфаќаат сите неопходни податоци, информации и насоки кои што го прават овој документ целосен и подготвен за негова реализација во претстојниот стратешки период.

Како среднорочен стратешки документ истиот тргнува од анализа на моменталната состојба на општината, достигнувањата и реалните предизвици со кои што се соочува општината, а при тоа обрнувајќи внимание и на анализата на силните и слаби страни на општината, но и на можностите и заканите на општината.

Во понатамошниот дел на стратешкиот документ се дефинираат визијата и мисијата на општината, како и стратешките приоритети, цели и мерки кои што се поделени во четири различни области и тоа:

1. **Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници на општината**

2. **Подобрување на транспарентоста и отчетноста на општината преку зајакнување на комуникацијата со граѓаните и дигитализацијата**

3. **Забрзан економски раст и развој на општината**

4. **Придонес кон одржлив рурален развој**

## Методологија на изработка на стратешкиот документ

Изборот на методолошките приоди поаѓа од процесот кој е дефиниран во Законот за рамномерен регионален развој[1] како процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на општината во функција на подигање на степенот на развој како целина и нејзините просторни целини како основа за планирање на развојот и на потребите на населението. Политиката за поттикнување на локалниот развој е дефинирана како систем на цели, инструменти и мерки насочени кон подобрување на животот на населението во согласност со општите заложби на државата за намалување на регионалните и локалните диспаритети и остварување на рамномерен и одржлив развој во целина и посебно на локално ниво. Стратегијата во тој контекст се стреми кон утврдување на реални и кохерентни цели, приоритети и мерки за поттикнување на развојот. Во плански утврдениот период неопходно е да се утврдат принципите, целите и приоритетите, како и да се дефинираат мерките, инструментите и финансиските и други средства потребни за нивна реализација.

Изготвувањето на Стратегијата за економски развој на општина Кисела Вода подразбира примена на следниве начела:

- програмирање;
- партнерство;
- усогласување;
- кофинансирање;
- транспарентност;
- отчетност и
- одржливост.

Методологијата за изработка на Стратегијата за економски развој на Општина Кисела Вода 2023-2026 година е во согласност со компатибилноста на документите од национално, регионално и локално ниво.

[1] https://mls.gov.mk/images/files/Zakon%20za%20ramnomeren%20regionalen%20razvoj-mk.pdf

Изработката на Стратегијата ги опфаќа следниве постапки:

**• изготвување на секторски анализи за постојното ниво на развој на Општина Кисела Вода;**

**• идентификување на карактеристиките на развојот;**

**• идентификување на подрачја со специфични развојни потреби;**

**• определување визија во рамките на Стратегијата;**

**• определување на стратешки цели, приоритети и мерки;**

**• јасна определба во врска со носители и инструменти за имплементација на Стратегијата и**

**• дефинирање на конечната верзија на Стратегијата.**

Во процесот на изработка се применуваат различни научни методи како анализа, синтеза, индукција, дедукција и релевантни специфични методи за одделните секторски анализи согласно потребите, како и методите на консултации и учество на засегнатите страни - приватниот, невладиниот кои се идентификувани заедно со одговорните структури. Како извори на податоци се користат официјални податоци, анализи, студии и стратешки документи.

# 1. Визија, мисија и профил на општината

## Визија

Општина со современ и иновативен модел на живеење преку позитивен спој и создавање на одржливи урбани и рурални заедници.

## Мисија

Општина Кисела Вода преку ефикасно и ефективно управување со ресурсите со кои што располага создава одржлив економски равој кој што води до квалитетен животен стандард, социјална благосостојба, сигурна и безбедна околина за живеење, како и здрава животна средина.

## Профил на општината

Општина Кисела Вода е една од општините кои го сочинуваат град Скопје. Општината се протега на површина од 46.86км2, зафаќа делови од Скопската котлина од десната страна на реката Вардар и е дел од Скопскиот Плански Регион со спечифичен комбиниран состав на урбано – рурална општина (57% урбан дел и 43% рурален дел). Во склоп на општината се наоѓаат 11 населени места: Кисела Вода, 11 Октомври, Цветан Димов, Чешма, Бирарија, Црниче, Пржино, Припор, Пинтија, Драчево и Усје, од кои две населени места се рурални: Населеното место Драчево[2] (кое се состои од Драчево 1 со 1.22км2 кое е урбано населено место и село Драчево или Драчево 2 со 14.77км2 кое е рурално населено место)[3] и Усје[4] (со површина од 5.4км2)[5]

Ваквиот начин на организирање на локално ниво во општината овозможува демократско и поефикасно исполнување на граѓанските интереси, а највисок орган на на месните заедници е Советот. Преку Советот граѓаните можат да даваат иницијативи и предлози кои се од јавен или локален интерес, до надлежните органи во општината. Тука уште би споменале дека општина Кисела Вода граничи со урбаните општини, Аеродром, Центар и Карпош, како и со две рурални, Студеничани и Сопиште.

Источната граница на општината е општина Центар. Северната граница се простира покрај железничката линија Скопје – Велес, патен правец со кој општината Кисела Вода граничи со општина Аеродром. На источната и југоисточната страна граничи со општината Студеничани, а на јужната страна со планината Водно, каде се простира граничната линија со општина Сопиште. Кисела Вода има правец на простирање исток - запад во должина од 14,2 км и правец, север - југ во должина од 3,3 км. Во рамките на ваквите гранични линии, општината Кисела Вода има површина од 46,86 км².

[2] Листа на рурални подрачја во РСМ, Одлука на Влада од 04.07.2017
[3] Агенција за катастар на недвижности на РСМ
[4] Листа на рурални подрачја во РСМ, Одлука на Влада од 04.07.2017
[5] Агенција за катастар на недвижности на РСМ




Слика 1 – Територија и местоположба на општина Кисела Вода

**Според официјалниот попис на населението во Република Северна Македонија од 2021 година, на територијата на општина Кисела Вода вкупно се попишани 64.254 жители од кои што 61.965 се резидентно население, додека пак 2.289 нерезидентно население. Од вкупното резидентно население во општина Кисела Вода 24.589 се домаќинства, додека пак 32.115 станови.**

| | | Вкупно попишани | | | Вкупно резидентно население | | | Вкупно нерезидентно неселение | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени | Пол - ВКУПНО | Мажи | Жени |
| Кисела Вода | Етничка припадност - ВКУПНО | 64 254 | 31 157 | 33 097 | 61 965 | 29 961 | 32 004 | 2 289 | 1 196 | 1 093 |
| | Македонци | 54 046 | 26 053 | 27 993 | 52 030 | 25 006 | 27 024 | 2 016 | 1 047 | 969 |
| | Албанци | 461 | 228 | 233 | 418 | 202 | 216 | 43 | 26 | 17 |
| | Турци | 753 | 403 | 350 | 732 | 388 | 344 | 21 | 15 | 6 |
| | Роми | 485 | 234 | 251 | 467 | 223 | 244 | 18 | 11 | 7 |
| | Власи | 655 | 342 | 313 | 636 | 327 | 309 | 19 | 15 | 4 |
| | Срби | 996 | 492 | 504 | 953 | 469 | 484 | 43 | 23 | 20 |
| | Бошњаци | 622 | 304 | 318 | 581 | 285 | 296 | 41 | 19 | 22 |
| | Други неспомнати | 731 | 368 | 363 | 653 | 333 | 320 | 78 | 35 | 43 |
| | Не се изјасниле | 19 | 10 | 9 | 15 | 8 | 7 | 4 | 2 | 2 |
| | Непознато | 47 | 29 | 18 | 41 | 26 | 15 | 6 | 3 | 3 |
| | Лица за кои податоците се превземени од административни извори | 5 439 | 2 694 | 2 745 | 5 439 | 2 694 | 2 745 | - | - | - |

Слика 2 – Број на вкупно население разделено по етничка и родова припадност во општина Кисела Вода според последниот попис од 2021 година [6]

**Ако ја земеме во предвид националната структура на општината, според податоците од последниот попис најголем број од населението кое што живее на територијата на општината, односно над 91% се Македонци или 52.030 додека пак останатото население се изјасниле како Албанци и тоа 418, Турци 732, Роми 467, Власи 636, Срби 953, Бошњаци 581 и 653 други националности кои то претходно не се споменати.**

## 1.1. Социо-економски карактеристики на општина Кисела Вода

**Голема површина од урбаниот дел на општина Кисела Вода, согласно ДУП, е дефинирана како индустриска зона. Ова овозможува потенцијален развој на општината бидејќи индустриската зона се наоѓа блиску до централното подрачје на град Скопје и е целосно покриена со патна, енергетска и комунална инфраструктура. Истовремено, во руралниот дел од општината – село Драчево и Усје, примарната економија е составена од земјоделство. На овој начин се креира единствена кобминација на урбано – рурален потенцијал за развој на општина Кисела Вода.**

[6] Извор: Државен завод за статистика

Вкупниот број на економски субјекти или активни деловни субјекти според сектори на дејност кои делувале на територија на општина Кисела Вода во текот на 2021 година е 2940. (Слика бр. 3)




Слика бр. 3 – Број на активни деловни субјекти во општина Кисела Вода [7]




Слика бр. 4 – Активни деловни субјекти во општина Кисела Вода по дејности по години [8]

Од нив, најзастапени се 841 се трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, 324 Преработувачка индустрија, 237 Транспорт и складирање, 361 Стручни, научни и технички дејности итн (слика 4). Забележан е пад по дејностите по годините кој најверојатно се должи и на Ковид 19 пандемијата која драстично се одрази на економскиот сектор.

[7] Извор: Државен завод за статистика
[8] Извор: Државен завод за статистика

Согласно добиените податоци од Агенцијата за вработување на РСМ, бројот на невработени лица како активни баратели на работа заклучно со 31-ви март 2023 година на територијата на општина Кисела Вода изнесува 1.035 од кои што 487 се жени, додека пак најголемиот број на активни баратели на работа се наоѓаат во возрасната група од 60 и повеќе години, односно 237, а исто така треба се спомене и фактот дека најголемиот број на невработени односно 390 се без образование или со основно образование, додека пак со високо образование се невработени само 127. (слика бр. 5 и 6).

| | | 15-19 години | 20-24 години | 25-29 години | 30-34 години | 35-39 години | 40-44 години | 45-49 години | 50-54 години | 55-59 години | 60 и повеќе години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 548 | 3 | 27 | 31 | 40 | 42 | 46 | 44 | 70 | 107 | 77 |
| Мажи | 487 | 10 | 31 | 29 | 38 | 37 | 37 | 49 | 49 | 108 | 160 |
| Вкупно | 1035 | 13 | 58 | 60 | 78 | 79 | 83 | 93 | 119 | 215 | 237 |

Слика бр. 5 – Активни баратели на работа според пол и возраст во општина Кисела Вода [9]

| | | Без образование и со основно образование | Непотполно средно образование | Завршено средно образование | Више образование | Високо образование | Магистри на науки | Доктори на науки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 548 | 178 | 60 | 169 | 4 | 73 | 3 | 0 |
| Мажи | 487 | 212 | 108 | 167 | 5 | 54 | 2 | 0 |
| Вкупно | 1035 | 390 | 168 | 336 | 9 | 127 | 5 | 0 |

Слика бр. 6 – Степен на образование на активните баратели на работа [10]

Освен бројот на активни баратели на работа, во општина Кисела Вода се евидентирани невработени лица како пасивни баратели на работа чиј што број изнесува 1.233 од кои што 662 се жени, а најголемиот број од пасивните баратели на работа, односно 507 се со завршено средно образование (Слика бр. 7 и 8)

| | | 15-19 години | 20-24 години | 25-29 години | 30-34 години | 35-39 години | 40-44 години | 45-49 години | 50-54 години | 55-59 години | 60 и повеќе години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 662 | 3 | 31 | 45 | 32 | 38 | 60 | 72 | 107 | 163 | 111 |
| Мажи | 746 | 5 | 36 | 38 | 52 | 43 | 40 | 57 | 96 | 95 | 109 |
| Вкупно | 1233 | 8 | 67 | 83 | 84 | 81 | 100 | 129 | 203 | 258 | 220 |

Слика бр. 7 – Пасивни баратели на работа во општина Кисела Вода [11]

| | | Без образование и со основно образование | Непотполно средно образование | Завршено средно образование | Више образование | Високо образование | Магистри на науки | Доктори на науки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 662 | 129 | 152 | 279 | 4 | 88 | 10 | 0 |
| Мажи | 746 | 134 | 149 | 228 | 4 | 53 | 3 | 0 |
| Вкупно | 1233 | 263 | 301 | 507 | 8 | 141 | 13 | 0 |

Слика бр. 8 – Степен на образование на пасивните баратели на работа [12]

[9] Извор: Агенција за вработување на РСМ
[10] Извор: Агенција за вработување на РСМ
[11] Извор: Агенција за вработување на РСМ
[12] Извор: Агенција за вработување на РСМ

## 1.2. Образование, наука, култура и спорт

На територијата на општина Кисела Вода постојат осум основни училишта и две детски градинки. Основни училишта се: - ООУ „Круме Кепески", - ООУ „Кирил Пејчиновиќ", - ООУ „Невена Георгиева – Дуња", - ООУ „Партенија Зографски", - ООУ „Кузман Јосифовски – Питу", - ООУ „Рајко Жинзифов", - ООУ „Кузман Шапкарев", - ООУ „Св.Климент Охридски". Детски градинки се вкупно 2: „8-ми Март" и „Весели Цветови" кои што имаат 12 издвоени објекти односно клонови со вкупна површина од 42.323 м2 и згрижуваат вкупно 2337 деца. На територија на општината се наоѓаат и средните училишта: СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен", СУГС „Браќа Миладиновци", како и средно-образовен теолошки центар „Православна Богословија". Покрај тоа на територија на општината функционираат и две училишта за лица со посебни потреби "Др. Златен Сремац" и ДУРДМОВ „Димитар Влахов",. Тука дополнително само би напоменале дека општината нема ингеренции врз функционирањето и делувањето на средните училишта бидејќи истите спаѓаат под делувањето на Град Скопје. Во општината егзистираат два културни домови Дом на култура „Билјана Беличанец" и Дом на култура во село Драчево Во општината функционираат и неколку аматерски театарски групи, музички здруженија и фолклорни друштва. Значајни се фолклорните ансамбли "Зограф", "Александар Македонски", "Китка" и "Питу Гули". На територија на општина Кисела Вода, активни се и поголем број на невладини организации.

Кога станува збор пак за спорот, на подрачјето на општина Кисела Вода подолго време постои организирано спортување, а физичката култура е застапена во сите образовни институции. Општината е генератор на создавање на спортски светски великани од калибарот на Дарко Панчев, Петар Наумовски и Ванчо Каранфилов. Клубовите од разни спортови, се учесници во сите системи на натпреварување кои даваат придонес во делот на зголемувањето на квалитетот на спортот организиран од спортските федерации. Општината пак, со низа иницијативи и програми го помага и стимулира рекреативниот и масовниот спорт со изградба на сали и игралишта на отворено за кошарка, фудбал, тенис и одбојка. Исто така тука би споменале и дека самата општина преку програмата за спорт и рекреација секоја година овозможува материјална и финансиска поддршка за спротските клубови и здруженија како и за Општинскиот сојуз на училишен спорт „Кисела Вода", а се одржуваат и неколку традиционални спортски купови, како што се: Куп на општина Кисела Вода „Св. Ѓорѓија", турнир во мал фудбал "Опен Кисела Вода" каде што главната идеја е да се поттикне маалскиот спорт низ забава и дружење вклучувајќи ги месните заедници, како и шаховска лига.

На територијата на општината функционира и Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти „Кисела Вода КВ". ЈП Кисела Вода КВ Скопје е насочено кон современи управувачки методи преку кои спортските сали и спортските објекти на територија на општина Кисела Вода ќе може ефикасно да се: планираат, адаптираат, изградат, изнајмат, финансираат и експлоатираат.

Основните принципите на ЈП ``Кисела Вода КВ`` се базирани на економска и спортска анализа која налага парцијално истражување и квантитативно вреднување на мисија, визија и целите во системот на спортот (степен на искористеност на капацитетите, оптимизација, економска ефикасност, заштеди, специјализација и рационализација на процесите итн.). ЈП Кисела Вода КВ стопанисува со затворените спортски сали „Независна Македонија" и „Архиепископ Доситеј", изградени во 2010 година и со капацитет од 500 седишта и професионални димензии за кошарка, ракомет, мал фудбал и одбојка, како и со два стадиони (јавни мултифункционални игралишта): Фудбалски стадион Драчево и Фудбалски стадион Пржино.

## 1.3. Културно-историско наследство на општина Кисела Вода

На територијата на општината постојат цркви, археолошки наоѓалишта, стари средновековни споменици од духовната култура на Македонија. Тие претставуваат драгоцен прилог за науката во расветлувањето на нашето минато. Меѓу експонираните се Белчевица (некропола од римско време), Љубош (старохристијански ротонди), Пинтија и Тресалиште (наоди од доцноантичко време), Крст (депо на средновековни монети). Во месноста Три Круши пронајдена е гробница која датира од римско време и претставува историски локалитет со голема важност. На овој локалитет традиционално се одржува културното лето на општината на кое гостуваат домашни и странски културно- уметнички друштва и ансамбли, реномирани естрадни уметници и музичари. Црквата Св. Горѓија според легендите се поврзува со времето на царот Јустинијан во почетокот на 6 век. Црквата Св. Никита датира од 18 век. По иницијатива на Драчевци и скопскиот митрополит Јоаким, црквата Св. Спас, осветена 1858 година, ја има денешната физиономија, додека темелите на сегашната црква Св.Петка биле осветени во 1911 година. Во манастирскиот комплекс Пеленица се наоѓа црквата Св.Руса, изградена до археолошки остатоци кои укажуваат на постоење на ранохристојанска црква. Населението на општината традиционално ги прославува сите православни христијански празници.

Во општина Кисела Вода со децении функционира културно уметничкото друштво КУД КИТКА кое на некој начин претставува и синоним за Драчево и општината. Основањето на друштвото го трасира патот на негувањето и афирмирањето на фолклорната традиција. Друштвото е насочено кон изворните игри и песни, белег на традициите од поднебјето на Скопје

## 1.4. Земјоделство

Руралниот дел на општината се карактеризира со развиено земјоделско производство. Во Драчево, посебно во селото, сè уште значаен дел од населението се занимава со земјоделство, односно градинарство во најголема мера, а потоа и полјоделство, овоштарство. Земјоделското производство, за разлика од минатото, денес претежно е за сопствени домашни потреби, но вишокот производи и натаму се продава на пазарите во Скопје. Од вкупно 1145 ха обработлива површина на селото, 200 ха се државно земјиште, а 945 ха се приватна сопственост. Од обработливата површина под градинарство се 338 хектари, под жита се 229 хектари, под индустриски култури 70 хектари, под фуражни култури 60 ха, а останатите 448 хектари се под лозја, овошни насади и необработено земјиште Најзастапени полјоделски култури се житните (пченица, пченка и јачмен) и градинарските (кромид, праз, домати, зелена и црвена пиперка, зелка, морков, марула, спанаќ, компир, краставици, тиква и др.), а во многу помала мерка и индустриските култури. Драчево отсекогаш важело за место со најразвиено градинарство и раноградинарство во Скопско.

## 1.5. Еко-туристички потенцијал на општина Кисела Вода

Туристичката понуда на општина Кисела Вода се локалитетите: Пеленица, Марково крувче, Маркова река, Караџица и Три Круши. Марково Крувче е дел од планината Водно и овозможува панорамски поглед кон градот Скопје. Има можност за лоцирање на видиковци за развивање на алпинизам како и за излети и спортски активности. Маркова река е погодна за рекреативни содржини, прошетки и излети. Изворот Пепељак на Маркова Река има поволни услови за излетничко-рекреативни, спортски и комбинирани тури кои можат да се креираат како содржини за престој во руралните средини. Караџица е погодно место за организирање на прошетки и пикници и лоцираноста има алпинистички вредности. Она што недостасува е соодветна туристичка понуда и туристичка инфраструктура.

## 2. SWOT анализа на општина Кисела Вода

| Силни страни | Слаби страни |
| --- | --- |
| - Општина со стремеж кон модерно живеење со максимално искористување на предностите на урбан живот со позитивни елементи на руралниот дел<br>- Близина до центарот на градот<br>- Близина до сите државни институции, меѓу градска автобуска станица и железничка станица<br>- Способност за обезбедување поддршка и активности за сите возрасни структури<br>- Најголем процент на земјоделско земјиште во Скопски плански регион<br>- Постоење на дефинирани индустриски зони за привлекување на домашни и странски инвеститори | - Стара водоводна, патна и канализациона инфраструктура во одреден дел од општината<br>- Мал процент на државно земјиште со кое може да располага општината<br>- Непланска градба во минатите години, над 20 000 поднесени барања за легализација<br>- Недостаток на промоција на постоечки туристички локалитети |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| - Обезбедување на алтернативни извори на средства за реализација на проекти на општината<br>- Искористување на поволни можности за кредитирање<br>- Зајакнување на односи меѓу владините и локални институции / засегнати страни<br>- Економска диверзификација/ привлекување на инвеститори од разни сектори<br>- Можности за промоција на туристичките локалитети како дел од понудата на Град Скопје<br>- Можности за создавање нови работни места<br>- Унапредување и промоција на земјоделството | - Недоволни финансиски ресурси за справување со инфраструктурни предизвици<br>- Бавен раст на економијата на државно ниво и ограничена економска моќ на граѓаните<br>- Бавно усогласување на надлежности на државно и локално ниво за поефикасно искористување на државното градежно и земјоделско земјиште |

# 3. Организација на локалната самоуправа

Општина Кисела Вода самостојно, во рамките на Законот за локална самоуправа и Статутот на општината ги уредува и врши работите од јавен интерес, од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт. Согласно член 16 од Статутот на општината истата е надлежна за вршење на следните работи:

## 1.Планирање и уредување на просторот

Во делот на планирањето и уредувањето на просторот општината е надлежна за:

- покренување иницијативи за донесување, измена и дополнување на просторниот план на градот Скопје и генералниот урбанистички план на градот Скопје;
- давање мислења по нацртите на просторниот план на градот Скопје и генералниот урбанистички план на градот Скопје;
- донесување детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населените места во општината и урбанистички планови вон населено место;
- спроведување урбанистички планови и проекти и издавање документација за изградба на објекти од локално значење (услови за градба, урбанистичка согласност, одобренија за градење);
- издавање на одобренија за поставување времени објекти, мебел и урбана опрема, и
- уредување на градежно земјиште во делот на опремување на градeното земјиште со објекти и инсталации од секундарната инфраструктура.

## 2. Заштита на животната средина и природата

Кај заштитата на животната средина и природата општината е надлежна за покренување иницијативи и преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштитата од бучава и нејонизирачко зрачење.

## 3. Локален економски развој

Кај локалниот економски развој, пак општината е надлежна за следниве активности:

- планирање на локалниот економски развој на општината;
- утврдување развојни и структурни приоритети на општината, и
- поддршка на развој на малите и средните претпријатија и претприемништвото во општината

## 4. Комунални дејности

Кај комуналните дејности главните надлежности на општината се сконцентрирани во следните области:

- изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и други инфраструктурни објекти;
- одржување на јавната чистота на сервисните и станбените улици;
- организирање, изнесување и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад;
- изградба и одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на општината;
- одржување на гробовите и гробиштата и давање погребални услуги на општинските гробишта утврдени со урбанистички план;
- изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта од значење за општината утврдени со урбанистички план;
- одржување и користење на зеленилото на сервисните и станбените улици;
- отстранување на нерегистрираните моторни и други возила од јавните површини;
- одржување и користење на јавните пазари;
- дезинфекција и дератизација и
- изградба и одржување на јавни санитарни јазли.

## 5. Култура

Културата исто така во одредени активности спаѓа под надлежност на општината и тоа:

- институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење на општината;
- негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;
- организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво и
- одбележување на настани и личности од значење за општината.

## 6. Образование

Со децентрализацијата општините имаат надлежности и во делот на образовниот процес кој што се одвива на нивната територија и тоа во следните области:

- основање, финансирање и учество во управувањето со основните училишта на нејзиното подрачје, во согласност со закон;
- именување директори на основните училишта во согласност со закон, и
- превоз и исхрана на учениците во училиштата од нејзината надлежност, во согласност со закон.

## 7. Социјална и детска заштита

Во социјалната и здравствена заштита надлежностите на општина Кисела Вода се однесуваат на:

- сопственост, управување, основање, финансирање и одржување на јавните установи за деца - детски градинки, во согласност со закон и
- преземање мерки од областа на социјалната заштита во согласност со закон

## 8. Здравствена заштита

Кај здравствената заштита општината е надлежна и води грижа за:

- здравствено воспитување;
- преземање мерки за заштита на здравјето на работниците и заштита при работа;
- унапредување на здравјето;
- превентивни активности;
- здравствен надзор над животната средина и над заразните болести и
- помош на пациенти со специјални потреби.

## 9. Заштита и спасување

Во делот на заштита и спасување надлежноста на општина Кисела Вода се однесува на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања и елементарни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

## 10. Надзор

И во делот на надзорот општините имаат свои надлежности, односно надзор врз вршењето на работите кои што се во надлежност на општината во сите погоре наведени области.

# 4. Усогласеност со меѓународни и национални стратешки документи

## a. Усогласеност со европските документи

Стратегијата за економски развој на општина Кисела Вода е усогласена со европските документи Зелен Договор (Green Deal), Заедничката земјоделска политика и дигитализација во делот на потребите за децентрализација и регионален развој.

Притоа се следеа препораките за трите главни столба: поддршка на конкурентноста, развојот на претприемништвото и поддршката на МСП; зголемување на вработеноста и подобрување на условите за образование на населението, како и поголема социјална инклузија на сите категории граѓани.

Исто така, при изработката на документот се водеше сметка за програмските ИПА-документи, посебно за компонентите за прекугранична соработка и регионална конкурентност, како компоненти каде општината може да аплицира со свои проекти за повлекување средства од надворешни извори на финансирање.

Дополнително, документот е во согласност со ЕУ-програмите на заедниците, кои обезбедуваат средства за програмите за вработување на локално ниво, мобилноста на младите и поголемото учество на граѓаните во одлучувањето за прашањата за локалната самоуправа.

## b. Усогласеност со национални стратегии и документи

Предложените приоритетни насоки и стратегиски цели се усогласени со стратегиските документи на Владата, кои се однесуваат на следните политики: децентрализација, рамномерен регионален развој, поддршка на конкурентноста на приватниот сектор и програмите за зголемување на вработувањето. Усогласувањето се однесуваше на следење на зацртаните цели, усогласеност со приоритетите (инфраструктура, индустрии, економски развој, земјоделство и рурален развој итн.), како и алоцираните средства за финансирање на дефинираните цели.

# 5. Стратешки приоритети, цели и мерки 2023 - 2026

Стратегиските цели произлегуваат од зацртаната развојна визија. Тие се во согласност со потребата да се надминат воочените диспаритети во економските и социјалните сфери и заштитата на животната средина. Оптималното користење на ресурсите подразбира нивно вклучување во овие процеси. Стратегиските цели содржат приоритети за имплементација. Врз оваа основа се издвоени следниве приоритети и цели:

**1. Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници на општината**

**2. Подобрување на транспарентоста и отчетноста на општината преку зајакнување на комуникацијата со граѓаните и дигитализацијата**

**3. Забрзан економски раст и развој на општината**

**4. Придонес кон одржлив рурален развој**

## 5.1. Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници на општината

**Една општина е напредна и има здрава иднина кога граѓаните кои живеат во неа претставуваат приоритет, а нивните услови и стандарди за живот се секогаш во прв план. Во општина Кисела Вода секогаш приоритетна, прва и главна стратешка насока е подобрување и унапредување на условите за живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници што пак директно ќе придонесе и кон подобрување на квалитетот на живот на општината.**

**Како прва стратешка цел која што се издвојува во рамките на овој стратешки приоритет е:**

### 5.1.1. Подобрување на комунална инфраструктура

**Општината обезбедува средства и услови за подобрување на водоводна и канализациона мрежа, овозможување на услови за паркирање и подобрено улично осветлување. Општина Кисела Вода предводена од визијата за користење на најдобрите светски практики, а со цел да се овозможи висок квалитет на урбаното живеење, се обидува да пронајде нови начини за подобрување на услугите кон граѓаните, а притоа да се оптимизираат процесите и да се намалат трошоците. Во таа насока е и изградбата на нови линии за јавно осветлување на сервисни и станбени улици согласно програмата за енергетска ефикасност и инсталирање на штедливи светилки како и модернизација на постојниот систем со цел намалување на трошоците за одржување на уличното осветлување на територијата на општината. Водоснабдувањето во населбата Камник ќе биде исто така еден од поголемите проекти на кои што општината ќе работи во претстојниот стратешки период, а со тоа ќе се подобрат и условите за живот на над 1500 граѓани.**

**Уредувањето на паркинг места и мапирање на слободни парцели за изградба на паркинзи. Токму затоа во следниот период општина Кисела Вода ќе работи на изградба на нови паркинг места и простор. Имено, со градбата на објектите согласно ДУП за населба Драчево како и со градбите кои што се во тек, како и зголемената фреквенција на проток на луѓе и возила околу пазарот, ја зголемува и потребата од паркинг простор. Имено, сегашниот капацитет на предвидени паркинг места не ги задоволува потребите на жителите на населбата и посетителите на пазарот, па изградбата и ставањето во функција на новата катна гаража ќе придонесе кон подобрување на условите за живот во населбата, а со тоа ќе се спречи и паркирањето на возилата по улиците и тротоарите и ќе се зголеми безбедноста на граѓаните и пешаците.**

**Со изградбата пак на нови системи за водоснабдување на територијата на општина Кисела Вода ќе се подобрат условите за живеење на жителите на општина Кисела Вода, односно секој дом ќе има квалитетна вода за пиење со доволен притисок. Ова особено се однесува на жителите во селата Драчево, жителите на ул. Солунска Глава, ул. Корџевска, ул. Марко Орешовиќ, како и други населби на територијата на општината. Освен водоводната мрежа особено е важно за општината да го заврши и проектот "Изградба на фекална канализација во населбата Градинар", кој што е од многу големо значење за жителите на оваа населба бидејќи поради непостоење на фекална канализација граѓаните, а и општината се соочуваат со проблемот на месечно одржување на септичките јами. Со реализацијата на проектот ќе се елиминира долгогодишниот проблем на повеќе од 1000 жители и над 60 производни фирми, со што ќе се создадат подобри услови за живот и здрава животна средина.**

## 5.1.2. Развој на патна инфраструктура

Во делот на патната инфраструктура постојано ќе се работи на реконструкција, санација и изградба на улици, пешачки патеки, тортоари и мостови, а ќе се работи и на целосна реализација на проектот “Реконструкција на ул. Наум Охридски во населба Црниче“ што е од особено значење за жителите во населбите Пржино и Црниче затоа што оваа улица ја користат постојано над 1200 граѓани од двете населби.

## 5.1.3. Развој на спортски и рекреативни активности

Физичката активност, развивањето на младите преку спортски и физички активности се исто така едни од приоритетните активности на општината. За таа цел во наредниот период освен традиционалните спортски и училишни натревари, поддршката на спортски клубови, ќе се работи и на подобрување на условите за изведување на спортско-рекреативниот процес во општината. Во изминатиот период е направена целосна реконструкција на салата Расадник, реконструкција на фудбалското игралиште Пржино, а исто така изградена е нова спортска сала во ООУ „Кузман Јосифоски-Питу“. Во инвестиции во развојот на спортските и рекреативни активности на територија на општината се вбројуваат исто така и изградбата на нов фудбалски терен во ООУ „Круме Кепески“, како и изградбата на ново повеќе наменско и кошаркарско игралиште во ООУ „Партение Зографски“.

## 5.1.4. Урбанизам и заштита на животна средина

Во овој дел општината има изготвено и нов Локален еколошки акциски план чии што мерки и активности веќе започна да ги спроведува до 2023 година, а кои што опфаќаат зајакнување на свеста и едукација кај локалното население од користење на цврсти, течни и недозволени горива за загревање во домаќинствата, понатаму заштита на амбиенталниот воздух од емисии од градежниот сектор, од спалувањето на органскиот отпад, подобрување на енергетската ефикасност на општината итн. Чистење на речните корита, субвенционирањето на стационарот за кучиња скитници Лајка исто така се дел од активностите кои што на годишно ниво ќе ги практикува општината.

Урбанизмот, пак, во општината има за цел постигнување на плански развој преку носење на детални урбанистички планови, со цел за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и планско градење. Урбанизамот опфаќа и дефинирање на потенцијални локации за домашни и странски инвеститори, а во изминатите години општината многу вложува и во делот на транспарентноста на деталните урбанистички планови при што истите се дигитализирани и јавно достапни на веб страницата на општината.

### 5.1.5. Развој на културата и зголемување на бројот на културни активности на територија на општината

**Во рамките на оваа мерка општината ќе продолжи да вложува во понатамошниот развој на културата преку организирање и поддршка на културни манифестации и настани, како и активности на локалните културни здруженија, културни работници и уметници. Низ проектите и активностите на општината поврзани со културата се одбележува и патронениот празник на општината 06-ти мај, а секоја година се организира и културното лето каде што преку разновидни културни содржини (концерти, театарски претстави, ликовна колонија и друго) наменети за различни целни групи кои ќе се одржуваат во парковите во општина Кисела Вода, на Верско - рекреативниот центар Три Круши, Пеленица и во домовите на културата во општината се поттикнува и развива културната дејност на територијата на општината.**

### 5.1.6. Социјална заштита, општествено вклучување и социјални услуги

**Кога станува збор за социјалната заштита фокусот на активностите на општина Кисела Вода е насочен кон остварување на приоритетни цели кои треба да придонесат за унапредување на социјалната и здравствената заштита на граѓаните.**

**Активностите кои што општината ќе ги практикува континуирано опфаќаат и доделување на еднократна парична помош на семејства кои што имаат новороденче, изработка и реализација на стратегија за еднакви можности, субвенционирање на целодневен престој на деца од социјален ризик во градинките на територијата на општина Кисела Вода, инвестирање во постоечките градинки како и квалитетот на негата и воспитувањето на децата, па така општината ќе ги наградува воспитувачите и негователите кои што ќе бидат најистакнати во својата работа и препознаени од страна на родителите, децата и заедницата, а и понатаму ќе се прошируваат капацитетите на градинките за да се овозможи згрижување на сите деца на територија на општината.**

### 5.1.7. Вложување и придонес на општината во образовните процеси

**Во делот на образованието, општина Кисела Вода постојано вложува во подобрување на условите за непречено и квалитетно одвивање на образовниот процес. Реконструкции на училишни згради, адаптирање на училишниот простор, изградба на сали и спортски терени во склоп на училиштата се само дел од активностите кои што општината ги презема во насока на обезбедување на квалитетно образование за секое дете. Исто така општината ги поддржува и талентираните ученици во општината преку посебен проект и доделување на еднократна парична помош за секој ученик кој што има видливи достигнувања на државни и меѓународни акредитирани натпревари. Во исто време во програмата за основно образование се предвидуваат и различни проекти за олеснување на товарот на семејствата кои што имаат првачиња, како и семејствата кои што се наоѓаат во совијален ризик, па така преку проектот "Ранче за секое прваче" ќе се олеснува товарот на семејствата кои што имаат првачиња", а ќе се работи и на целосно опремување на центарот за работа со талентирани ученици на територијата на општина Кисела Вода. Ќе се одбележуваат деновите на мајчиниот јазик, 8-ми март, потоа преку организирање на литературни каравани ќе се доближува пишаниот збор до учениците како и творештвото на домашните и светски автори, а во исто време ќе се влијае врз учениците да го развијат сопствениот талент за творење и создавање на нови дела.**

## 5.2. Подобрување транспарентоста и отчетноста на општината преку зајакнување на комуникацијата со граѓаните и дигитализацијата

Надградба на новиот систем за управување со документи надградбата на модулот за Управна постапка, како и инспекциска постапка се дел од активностите кои што општината ќе ги презема во насока на унапредување на комуникацијата со граѓаните, како и брзо и ефикасно постапување по предметите а и понатаму ќе се продолжи со процесот на дигитализација на услугите кои што општината им ги дава на граѓаните, а се со цел да се намали времето кое што граѓаните ќе го поминуваат пред шалтерите во општината.

## 5.3. Забрзан економски раст и развој на општината

Во овој дел потребно е да се направи детално мапирање на локации за инвестиции, индустриски зони и изработка на општински водич за инвеститори. Со тоа би се добила јасна прегледност на се што нуди општината во поглед на идни инвестиции. Инвестициите би придонеле повеќе позитивни придобивки, како што се зголемување на вработеноста, зголемување на посетеноста на општината, кои индиректно влијаат на позитивниот економски раст на општината. Како втор сегмент преку кој што директно би се придонело кон зајакнување на економскиот раст и развој на општината би го споменало зголемувањето и проширувањето на туристичката понуда на општината, како и уредување, но и промоција на туристичките локалитети кои што се наоѓаат на територијата на општината.

## 5.4. Придонес кон одржлив рурален развој

Земјоделството и руралниот развој заземаат важно место во креирањето на стратешки насоки за економски развој на општина Кисела Вода. Селото Драчево и околината се познати по производството на кромид, лук, марула, домат, а доста е застапено и живинарството како и производството на цвеќе. Дополнително на територијата на општината се наоѓаат и неколку локалитети кои што имаат еко-туристички потенцијал што пак дава можност за создавање на богат и одржлив рурален развој. Она што недостасува е промоцијата на земјоделското производство, соодветна класификација на земјоделското земјиште и унапредување на системот за евиденција на земјоделското земјиште (државно, приватно), како и создавање на туристичка понуда која што ќе придонесе кон одржливиот рурален развој во општината. Токму затоа во овој стратешки приоритет општината ќе работи на креирање на посебна програма за земјоделство и рурален развој, заштита и развој на локалитетите кои што имаат туристички потенцијал на територија на општината (Марково Крувче, Маркова река, Караџица, Три Круши), како и на промоција на земјоделството и руралниот развој како составен и нераскинлив дел од локалниот економски развој на општината.

| | Цел: | Мерки: |
|---|---|---|
| Стратешки приоритет 1: Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници на општината | 1.1. Подобрување на комунална инфраструктура | 1.1.1. Изградба на функционална водоводна  и канализациона мрежа и резервоар во населба Каменик<br><br>1.1.2. Изградба на системи за водоснабдување на ул. Солунска Глава, Марко Орешовиќ и други населби<br><br>1.1.3. Изградба на фекална канализација во населба Градинар<br><br>1.1.4. Изградба на атмосферска и фекална канализација во населба Припор<br><br>1.1.5. Изградба на секундарна фекална и атмосферска канализација на територија на општината<br><br>1.1.6. Изградба на нови линии за јавно осветлување<br><br>1.1.7. Инсталирање на штедливи светилки и модернизација на постојниот систем за јавно осветлување согласно стандардите за енергетска ефикасност |

| | Цел: | Мерки: |
|---|---|---|
| Стратешки приоритет 1: Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници на општината | **1.2.** Развој на патна инфраструктура | 1.2.1. Санирање, реконструкција и изградба на нови тротоари, улици, пешачки патеки и мостови |
| | **1.3.** Развој на спортски и рекреативни активности | 1.3.1 Изградба на детски игралишта<br>1.3.2. Изградба на спортски игралишта и терени<br>1.3.3. Поставување на фонтани и чешми<br>1.3.4. Уредување на терени<br>1.3.5. Реконструкција на спортска сала Расадник<br>1.3.6.Поддршка на спортски клубови и манифестации<br>1.3.7. Поддршка на куп на општина Кисела Вода “Св. Ѓорѓи“<br>1.3.8. Поддршка на спортска академија на општина Кисела Вода<br>1.3.9.Поддршка на деца и млади со посебни потреби и нивно вклучување во спортски активности<br>1.3.10. Изградба на спортска сала во подрачното основно училиште „Круме Кепески“ |

| | Цел: | Мерки: |
|---|---|---|
| Стратешки приоритет 1: Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници на општината | 1.4. Урбанизам и заштита на животна средина | 1.4.1. Спроведување на мерки од ЛЕАП 2022-2028<br><br>1.4.2. Јакнење на свест кај локалното население и едукација за заштита на животната средина<br><br>1.4.3. Изработка и реализација на мерки предвидени во Програмата за енергетска ефикасност на општината 2024-2026<br><br>1.4.4. Чистење на диви депонии, речни корита (канали)<br>1.4.5 Поставување на мерни станици за мерење на амбиенталниот воздух<br><br>1.4.6. Субвенционирање на стационарот за кучиња скитници Лајка<br><br>1.4.7. Изградба и реконструкција на зелени површини<br><br>1.4.8. Одржување на паркови и зеленило на територија на општината<br><br>1.4.9. Кофинансирање за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради за колективно домување на територија на општината<br><br>1.4.10. Кофинансирање  за набавка на печки на пелети за домаќинствата на територија на општината<br><br>1.4.11. Кофинансирање за набавка на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода<br><br>1.4.12. Селектирање на отпад на територија на општината |

| | Цел: | Мерки: |
|---|---|---|
| Стратешки приоритет 1: Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници на општината | 1.5. Развој на културата и зголемување на бројот на културни активности на општината | 1.5.1. Организација на културни настани и манифестации<br>1.5.2. Организација и поддршка на културно лето<br>1.5.3. Поддршка на културни здруженија, уметници и културни работници<br>1.5.4. Одбележување на национални празници и денови од значење за историјата и културата на државата и општината<br>1.5.5. Изработка на програма и поддршка на активности за културен дом “Билјана Беличанец“ (театарски претстави, прикажување на филмови, соработка со домашни и меѓународни домови на култура итн.) |

| | Цел: | Мерки: |
|---|---|---|
| Стратешки приоритет 1: Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници на општината | 1.6. Социјална заштита, општествено вклучување и социјални услуги | 1.6.1. Доделување на еднокартна парична помош за семејства со новороденчиња<br><br>1.6.2.Промоција и реализација на активности за еднакви можности и недискриминација<br><br>1.6.3.Изготување на стратегија за еднакви можности на општина Кисела Вода и реализација на мерки и активности предвидени во стратешкиот документ<br><br>1.6.4.Субвенционирање на целодневен престој во градинка за деца од социјално ранливи семејства<br><br>1.6.5. Субвенционирање на месечни сметки за електрична енергија на социјално ранливи семејства<br><br>1.6.6.Субвенционирање на дел од оброк за деца ид прво, второ и трето одделение кои што доаѓаат од социјално ранливи семејства<br><br>1.6.7. Финансиска поддршка за поправка и санација на лифтовите во станбени згради на територија на општината |

| | Цел: | Мерки: |
|---|---|---|
| Стратешки приоритет 1: Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во урбаните и руралните заедници на општината | 1.7. Вложување и придонес на општината во образовните процеси | 1.7.1. Реализација на едукативни активности во соработка со градинките на територија на општината<br>1.7.2.Обезбедување на учениците и објектите<br>1.7.3. Реализација на активност “Ранче за секое прваче“<br>1.7.4. Уредување и обезбедување на редовна и непречена работа на центарот за работа со талентирани ученици<br>1.7.5. Одбележување на ден на мајчиниот јазик, 8-ми март, 01-ви април итн.<br>1.7.6. Вложување во сензорни соби и интергација на децата со посебни потреби во образовниот процес и активностите на општината<br>1.7.7.Субвенционирање на униформи за учениците од основните училишта |

| | Цел: | Мерки: |
| --- | --- | --- |
| Стратешки приоритет 2: Дигитализација, унапредување на ИТ структура на општината и зголемена ефикасност и ефективност на системот за комуникација со граѓаните | **2.1.** Дигитализација на услугите на општината | 2.1.1. Зголемување на бројот на достапни е-услуги<br><br>2.1.2. Кампања за користење на достапните електронски услуги |
| | **2.2.** Унапредување на ИТ инфраструктура | 2.2.1. Имплементација на нов систем за управување со документи<br><br>2.2.2. Надградба на модул за управна постапка<br><br>2.2.3. Надградба на модул за инспекциска постапка |
| | **2.3.** Унапредување на е-комуникацијата со граѓаните | 2.3.1. Воведување на нов систем за претставки и предлози од страна на граѓаните<br><br>2.3.2. Воведување на системот на м-заедница<br><br>2.3.3. Воведување на нови канали за брза и ефективна комуникација на граѓаните со општината<br><br>2.3.4 Реализација на активности за зголемување на транспарентноста и отчетноста на општината преку процесите на дигитализација |

| | Цел: | Мерки: |
| --- | --- | --- |
| Стратешки приоритет 3: Забрзан економски раст и развој на општината | 3.1. Зголемување на обемот на инвестиции во општината | 3.1.1. Мапирање на локации и потенцијални можности за инвестиции на територија на општината<br><br>3.1.2. Организирање на промотивни настани и активности за промоција на инвестициските можности на општината<br><br>3.1.3. Изработка на водич за инвеститори |
| | 3.2. Зголемена промоција на туристичката понуда на општината | 3.2.1. Уредување на туристички локалитети на територија на општината<br><br>3.2.2. Изработка на туристички водич<br><br>3.2.3. Соработка со Агенцијата за промоција на туризмот, граѓанските организации и организирање на туристички промотивни денови |

| | Цел: | Мерки: |
| --- | --- | --- |
| Стратешки приоритет 4: Придонес кон одржлив рурален развој | **4.1.** Промоција на можности и поддршка на модернизација и конкурентност на земјоделско производство | 4.1.1. Организирање на настани за промоција на можностите за модернизација и конкурентност на земјоделското производство на територија на општината<br><br>4.1.2. Организирање на манифестации и настани за промоција на земјоделски производи<br><br>4.1.3. Брендирање на драчевски кромид и други земјоделски производи |
| | **4.2.** Зголемување на можностите на општината за креирање на одржлив рурален развој на територија на општината | 4.2.1. Организирање на редовни состаноци и средби по рурални заедници<br><br>4.2.2. Промоција на можности за рурален развој и туризам преку национални и меѓународни проекти и програми<br><br>4.2.3 Изградба на цветен пазар<br><br>4.2.4 Искористување на ИПАРД средствата и средства од домашни и меѓународни фондови за поддршка на земјоделството и руралниот развој |